32774

*Нова Македонија, Скопје, 6 септември 1985, 13874, 8*

СРЕДБА НА МОТ '85

# ВО ФУНКЦИЈА НА ИЛУЗИЈАТА

**● ВО ГАЛЕРИЈАТА НА ДОМОТ НА МЛАДИТЕ „25 МАЈ" — СКОПЈЕ, ОТВОРЕНА Е ИЗЛОЖБАТА НА СЦЕНОГРАФСКИ СКИЦИ И МАКЕТИ НА СИМЕОН УЗУНОВСКИ И КРСТЕ ЦИДРОВ**

Годинашниот Млад отворен театар, малку невообичаено, започна со отворањето на изложба на сценографски решенија и макети на Крсте Цидров и Симон Узуновски, инаку архитекти во Скопје. Во Галеријата на Домот на младите „25 Мај" — Скопје оваа изложба беше отворена на 1 септември и на публиката ќе ѝ биде достапна до 10 септември. Цидров и Узуновски со театарска сценографија се бават од 1980 година и за овој период имаат реализирано вкупно 15 сценографии за претстави, од кои 11 се во режија на Владимир Милчин. За претставите „Натемаго на Филозофскиот факултет" (на сцената на Народниот театар во Битола) и „Пахинтика во сон" (со Албанската драма при Театарот на



**Цидров и Узуновски: Атмосфера на времето и настаните**

народностите) жирито на минатогодишниот фестивал „Војдан Чернодрински" им ја додели наградата за сценографија. Со оглед на тоа дека на театарска та сцена се искажуваат како сценографски тандем, каква што е и изложбата што е во тек, со Цидров и Узуновски разговаравме паралелно.

— Карактеристично за нас двајцата е што уште од студентските денови, на студиите по архитектура, работиме по системот здружување на афинитет, по интерес, по начинот на размислување — вели Цидров. Навистина, на почетокот на реализацијата на сценографијата за една претстава имаме две идеи, но тие никогаш не се дијаметрално различни.

— Би рекол дека се слични, дека се надополнуваат и потоа во соработката со режисерот се создаваше една заедничка слика за она што го работиме — вели Узуновски.

**● Зборот тандем во вашата работа има двојно значење: работите заедно, но и најчесто во тандем со режисерот Владимир Милчин?**

— Практично, во сценографиите што ги потпишуваме ние, автори сме тројца — Крсте, Владо и јас. Работиме заедно и заедно се коригираме и надополнуваме. Не влегуваме во манир и затоа имаме добри резултати.

— Поради тоа што по професија сме архитекти — вели Цидров, создаваме некаков микро-урбанизам на сцената. Низ јасни назнаки го планираме просторот кој потоа станува животен простор за артистот.

**● Карактеристика на вашите сценографии е тоа што користите разни материјали и инсистирате на визуелноста на претставата?**

— Што се однесува до материјалите, поаѓаме од тоа дека сѐ она што ќе се најде на сцената мора да биде во функција на зададената илузија — вели Цидров. Имено, материјалите мора да претставуваат одраз на она со што гледачот се соочува и во секојдневието. Значи, театарската илузија мора да биде што повистинита. А визуелноста доаѓа како резултат на настојувањето да се постигне вистинската атмосфера на времето и настаните. При тоа користиме и низа метафори.

**● Со сценографија почнавте да се бавите низ проектите на театарската работилница ФФ во Скопје, а потоа поминавте и на работа со професионалните ансамбли. Која е разликата во работата со едните и другите?**

— Работата со аматерите, доколку тој израз е соодветен за Театарската работилница — вели Узуновски, значи радост, ентузијазам и колективност. Со професионалците пак, работата се одразува низ сигурноста во однос на материјалните трошоци во изведбата на сценографијата. Во секој случај и двете се интересни и ги работиме со подеднакво задоволство.

Л. Мазова